- УЈП ќе достави по електронски пат до банките (носителите на платен промет) поединечни налози за исплата на нето приходите и за плаќање на аконтации на персоналниот данок.
- Во случаи кога вашата Електронска пресметка (е-ППД) содржи грешни податоци, системот ќе ја одбие, а УЈП на вашата е-пошта ќе ви достави Рекапитулација за утврдување на аконтација на данок на доход со Преглед на грешки.
- Во случаи кога вашата Електронска пресметка (е-ППД) е одбиена, поради утврдени други податоци за фактичката состојба, УЈП на вашата е-пошта ќе ви достави Рекапитулација за утврдување на аконтација на данок на доход со Збирен налог за плаќање и Даночно решение за утврдување на аконтација на данок на доход.

Брзо и лесно плаќање на персоналниот данок

- Збирниот налог за плаќање којшто сте го добиле од УЈП на вашата е-пошта, доставете го во вашата банка.
- Распределбата на точните износи на нето приходот којшто треба да му биде исплатен на граѓанинот и на данокот којшто треба да се уплати на сметка на Буџетот на РМ, го врши банката врз онова на поединечните налози за плаќање кои ги добива од УЈП.

Користете ги и другите даночни услуги преку е-Персонален данок

- Поднесување на барања за користење на даночно олеснување или ослободување за одбегнување на двојното оданочување, од страна на исплатувачите за исплата на приходи на граѓани – нерезиденти на РМ;
- Поднесување на барање за враќање на повеќе / погрешно платен персонален данок, од страна на фирмите и на граѓаните;
- Преглед и увид од страна на фирмите – исплатувачи на приходи и на граѓаните, за исплатените / остварените приходи и платениот / неплатениот персонален данок.

Издавање на пополнета Годишна даночна пријава од УЈП и потврда на приходите од страна на граѓаните

- Регистрирајте се на системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk за да може УЈП да ви ја достави пополнетата Годишна даночна пријава (ПДД-ГДП) на вашата е-пошта.
- Со издавање на пополнета Годишна даночна пријава, УЈП планира да отпочне во 2019 година за приходите кои граѓаните ги оствариле во 2018 година.
- Доколку се согласувате со пополнетата Годишна даночна пријава издадена од УЈП, не мора да преземете никакво дејствие, бидејќи УЈП по истекот на рокот ќе ја смета за конечна и потврдена.
- Доколку не се согласувате со пополнетата Годишна даночна пријава издадена од УЈП, потребно е да извршите корекција во определниот рок.
- УЈП ќе ја разгледа вашата корекција на пополнетата Годишна даночна пријава и доколку корекцијата не се прифати, вашите годишни приходи и персонален данок ќе се утврдат со донесување на Даночно решение.

Инфо центар 0800 33 000
е-Пошта info@ujp.gov.mk
www.ujp.gov.mk

ЕУ за ТЕБЕ!

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Управа за јавни приходи / Danish Management A/S и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.


Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

е - ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК

Поедноставно пријавување и плаќање на персоналниот данок



Овој проект е финансиран од Европската Унија



Поедноставни постапки за пријавување и плаќање на персоналниот данок на доход за фирмите и граѓаните

- Поднесување на Електронска пресметка за приход и данок (е-ППД);
- Издавање на Електронски налог за плаќање на данокот од УЈП;
- Намалување на грешките при пресметување и плаќање на персоналниот данок;
- Укинување на годишните и месечните извештаи кои исплатувачите ги доставуваат до УЈП;
- Издавање на пополнета Годишна даночна пријава (ПДД-ГДП) од страна на УЈП и потврда на податоците од страна на граѓаните.

Кориснички ориентирани даночни услуги

- Модерна даночна администрација и даночни услуги без хартија;
- Овозможено самооданочување и минимум постапки на оданочување со даночно решение;
- Електронска и двонасочна комуникација меѓу УЈП и корисниците **e-pdd.ujp.gov.mk**;
- Широка примена на „меки" алатки - услуги, помош и едноставни процедури, за поддршка на доброволната усогласеност.

Поефикасно администрирање на ПДД и подобрување на услугите кон трети страни

- Информација во реално време за остварените приходи на секој граѓанин;
- Информација во реално време за очекуваните и наплатените даночни приходи од персоналниот данок на доход;
- Широка база на податоци за анализа на ризик и управување со усогласеноста на даночните обврзници;
- Користење на даночни информации од УЈП заради обезбедување на побрза услуга во сите државни институции.

Поефикасна наплата „Точен данок, во точно време"

- Аконтативно плаќање на персоналниот данокот за граѓаните, од страна на исплатувачите на приходите;
- Аконтативно плаќање на персоналниот данок во текот на годината, од страна на граѓаните;
- Едновремено и неделливо плаќање на данокот по одбивка и исплатата на нето приходот на граѓанинот;
- Зајакнат административен капацитет на УЈП за мониторинг на наплатата на даночните приходи од персонален данок.

Регистрирајте се на e-pdd.ujp.gov.mk

- Најавете се на системот **e-pdd.ujp.gov.mk** и пополнете го барањето за регистрација. Барањето го пополнува граѓанинот или неговиот полномошник и се доставува во даночна канцеларија на УЈП за да се идентификува и потврди неговата регистрација како корисник на e-pdd.ujp.gov.mk
- Регистрацијата на системот e-pdd.ujp.gov.mk е бесплатна, без трошоци за граѓанинот.
- За користење на системот e-pdd.ujp.gov.mk, фирмите треба претходно да се регистрирани на системот е-Даноци со дигитален сертификат.
- Фирмите и граѓаните кои се веќе регистрирани како корисници на системот е-Даноци etax-fl.ujp.gov.mk, не треба да се регистрираат за користење на услугата е-Персонален данок, односно УЈП автоматски ќе ги преземе вашите податоци и ќе ве регистрира во системот e-pdd.ujp.gov.mk

Поднесете Електронска пресметка за приход и данок (е-ППД)

- Пополнете ги податоците за видот и износот на приходите за исплата / остварените приходи, он-лајн или вчитајте xml file;
- УЈП ќе ви достави ПИНКОД на вашата е-пошта, доколку не сте регистриран корисник на е-Даноци со дигитален сертификат;
- Потпишете ја Електронската пресметка (е-ППД) со ПИНКОД-от или со дигиталниот сертификат.

Утврдување на персоналниот данок преку e-pdd.ujp.gov.mk

- По извршена проверка, за одобрување на точната Електронска пресметка (е-ППД), УЈП на вашата е-пошта ќе ви достави Рекапитулација за утврдување на аконтација на данок на доход, со Спецификација на пресметаните бруто износи, одбитоци, аконтации на персоналниот данок и нето износи за исплата, и со Збирен налог за плаќање.